Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 23-12-2014 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6466 | 1 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 4 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Тетово, **Друштво за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово** на ден 22.12.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

**Вонреден програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.**

## КОНСТАТАЦИИ:

При извршениот вонреден програмски надзор врз операторот **Друштво за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово**, на ден 22.12.2014 година констатирано е дека овој оператор, на подрачјето на Тетово, во рамките на аналогниот пакет реемитува вкупно 7 програмски сервиси кои се опфатени со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не се констатирани прекршувања.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**